

Скопје, 28/01/2019, бр.08-679/2

# ЗАВРШНА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ПРОЕКТОТ ,,РАЗВОЈ И РЕИНЖЕНЕРИНГ НА ДЕЛОВНИТЕ ПРОЦЕСИ ЗА НОВИОТ ИНТЕГРИРАН ДАНОЧЕН ИТ СИСТЕМ” ФИНАНСИРАН ОД ЕУ

Проектот „Развој и реинженеринг на деловните процеси за новиот интегриран даночен ИТ систем” започна во ноември 2017 година и се спроведуваше во период од 15 месеци. Финансиран е од Европската унија со вкупен буџет од околу 300.000 евра, а спроведен е од страна на Управата за јавни приходи во соработка со Danish Management A/S и Алтернатив консалтинг.

Целта на проектот е преку развивање на ефективни деловни процеси и дефинирање нов интегриран ИТ систем на Управата за јавни приходи да се обезбеди економичност на трошоците за наплата на даноците, но и да ги подобри услугите кон даночните обврзници, државните органи, институциите и другите засегнати страни.

Истовремено, развивањето на едноставни, кориснички ориетирани и економични процедури во УЈП, автоматизација и модернизација на процесите во согласност со стандардите на ЕУ, ќе го означи стартот на една значајна реформа преку која со високо ниво на услужност и минимална интеракција со даночниот обврзник, ќе се постигне максимална наплата на даноците и намалување на сивата економија.